**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**

**ИНСТИТУТ ЗА СПЕЦИЈАЛНА ЕДУКАЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА**

# СТАВОВИТЕ НА РЕЛИГИОЗНИТЕ ЗАЕДНИЦИ
# ВО КУМАНОВО ЗА
# ЛИЦАТА СО ПРЕЧКИ ВО РАЗВОЈОТ

-магистерски труд-

**КАНДИДАТ:** **МЕНТОР:**

**Сандра Крстевска Саревска** **Проф. д-р Ристо Петров**

**СКОПЈЕ, 2020 година**

СОДРЖИНА

Резиме ........................................................................................................................05

Abstract.......................................................................................................................07

Вовед ..........................................................................................................................09

**I .Теоретски пристап кон проблемот на истражувањето**...........................................11

1. Однос кон лица со пречки во развојот низ историјата...............................................12

2. Лица со пречки во развојот.........................................................................................15

2.1. Термини и поими за лица со пречки во развојот.................................................15

2.2. Класификација на лица со пречки во развојот.....................................................18

2.2.1. Лица со оштетен вид.................................................................................................19

2.2.2. Лица со оштетен слух...............................................................................................20

2.2.3. Лица со телесна инвалидност...................................................................................21

2.2.4. Лица со интелектуална попреченост.......................................................................23

2.2.5. Лица со аутизам.........................................................................................................24

2.2.6. Лица со пречки во глас, говор и јазик.....................................................................25

2.2.7. Хронично болни лица...............................................................................................26

2.2.8. Лица со комбинирани пречки во развојот...............................................................26

3. Поим за религија..........................................................................................................27

3.1. Функции на религија...............................................................................................28

4. Лица со пречки во развојот низ религии....................................................................35

5. Христијанство.................................................................................................................37

5.1. Православна антропологија.........................................................................38

6. Ислам...............................................................................................................................41

6.1. Ислам и попреченоста...................................................................................42

7. Религија и лица со пречки во развојот во законот за социјална заштита..................44

8. Став.................................................................................................................................45

9. Релевантни истражувања..............................................................................................47

**II Методологија на истражување**.........................................................................50

1. Предмет на истражување..............................................................................51

2. Цел и карактер на истражување...................................................................51

3. Задачи на истражување..................................................................................51

4. Хипотези на истражување..............................................................................52

5. Методи, техники и инструменти на истражување.......................................53

6. Популација и примерок..................................................................................53

7. Статистичка обработка на податоци............................................................54

8. Организација и тек на истражување............................................................54

9. Резултати и дискусија.....................................................................................55

**III. Заклучок и препораки**...83

**IV. Литература**...85

**V . Прилози**...90

# РЕЗИМЕ

**Крстевска Саревска Сандра - Ставови на религиозните заедници во Куманово за лицата со пречки во развојот. Магистерски труд. Филозофски факултет: Скопје, 2020;**

**Вовед:** Во времето кога се наоѓаме во Светска економска криза, кога осиромашувањето е се поголемо народот секогаш се свртува кон религијата, таму ги бара одговорите на своите поставени прашања.

Македонија е мултиетничка држава. На својата територија преовладува население од двата поголеми етникуми Македонци и Албанци. Во меѓусебниот однос постои толеранција, почитување на своите култури и разбирање за да може да има вистински соживот.

Работејќи секојдневно со лицата со пречки во развојот и сретнувајќи се со родителите на децата од православна и исламска вероисповед, увидовме дека нивните ставови се разликуваат во однос на воспитанието и на грижата за нивното дете, потикната од тоа, преку овој труд сакаме да се увериме дали ние луѓето се разликуваме во грижата за лицата со пречки во развојот според нашето религиско определување или пак религиското воспитување нема никакво влијание врз нашите ставови за овие лица.

**Цел:** Целта на нашето истражување е да се утврди дали има разлика во ставовите кон лицата со пречки во развојот во однос на вероисповед.

**Методи:** Во истражувањето е опфатен пригоден примерок, но испитаниците се избрани по пат на "снежна топка". Во квалитативните истражувања најчесто се користи намерен примерок – луѓе чие мислење е најрелевантно за проблемот што се истражува. Потоа може да се користи т.н. метод на снежна топка – мала група која потоа овозможува контакт со други испитаници.

Трет начин за составување на примерок е пригоден примерок, односно примерок во кој се вклучуваат луѓе кои се лесно достапни. Примерокот во оваа истражување е составен од 8 групи на испитаници, и тоа по 15 испитаници во секоја група. Користен е методот

на структурална анализа, компаративна анализа и анализа на документацијата. Податоците беа обработени со стандардна статистичка програма SPSS. Резултатите ќе бидат прикажани како апсолутни броеви и проценти и преку дистрибуција на фреквенција.

**Резултати:** Анализата на добиените резултати ни покажа, дека верските лица имаат најпозитивен став дека религијата е поврзана со лицата со попреченост, а најнегативен став имаат родителите на лицата без попреченост. Постојат разлики во ставовите кај лицата со различен профил (родители на деца со и без попреченост, стручни соработници и верски лица) во однос на ставовите кон лицата со попреченост, и тоа верските лица имаат најпозитивен став, а родителите на лицата без попреченост најнегативен став. Исто така во однос на прашањата интересно е дека најголем број од лицата се согласуваат, дека – Светите книги треба да бидат достапни во формати прилагодени на лицата со попреченост (Брајово писмо фонт за лица со дислексија, аудио формат и лесно разбирлива форма за лица со попречност), а најниска аритметичка средина е добиена на тврдењето дека лицата со попреченост се поголеми верници.

**Zaklu~ok:** Ова истражување е спроведено со цел да се изработи магистерски труд и може да претставува поттик за некои идни истражувања на овие многу сложени проблеми. Некои ограничувања и слабости во нашето истражување можеби ќе инспирираат и поттикнат некои други исти или слични истражувања. До денеска постои голем број на истражувања, но и понатаму не е потполно разјаснета етиологијата на пореметеното однесување, а уште е посложено да се спречи оваа појава.

***Клучни зборови: лица со пречки во развој, религија, став, христијанство, ислам***

# ABSTRACT

**Krstevska Sarevska Sandra - Attitudes of the religious communities in Kumanovo towards persons with disabilities. Master's Thesis. Faculty of Philosophy: Skopje, 2020;**

**Introduction**: At the time of being in the World Economic Crisis, when impoverished is worsening people are always turning toward religions, and there they are seeking for answers to their questions.

Macedonia is a multi-ethnic state. On its territory is dominated by a population of two large ethnics Macedonians and Albanians. There is a tolerance in the interpersonal relationship, respect for one's cultures and understanding that one can have a true coexistence.

Working today with persons with developmental disabilities and meeting parents of children of Orthodox and Islamic religion, their views are different to the upbringing and care of their child . Through this endeavor, we seek to make sure that we do not differ in the care of persons with impediments to development according to our religious determination, or that religious inquiry has no influence on our attitudes for these persons.

**Objective:** The purpose of our research is to determine whether there is a difference in attitudes toward persons with disabilities in relation to religion.

**Methods:** In this survey the sample size is convenient, but the respondents are selected by snowball. Qualitative research are often used as a purposive sample - people whose opinion is most relevant to the problem being investigated. Then you can use the so-called "snowball" method - a small group that then allows contact with other respondents.

A third way to make a sample is a convenient sample, which includes easily accessible people. The sample in this study is composed of 8 groups of respondents, each of 15 respondents in each group.The used method is structural analisys, comparative analysis and documentation. The data were processed with standard statistical program SPSS. The results will be shown as absolute numbers and percentages, percentiles and through frequency distribution.

**Results** The analysis show that from religious beliefs The most positive attitude is that religion is related to persons with disabilities, and the most negative attitude is that of parents of persons with disabilities. There are differences in attitudes among people with different profiles (parents of children with and without disabilities, professionals and religious persons)

with regard to attitudes towards persons with disabilities, with religious persons having the most positive attitude and parents of persons with disabilities the most negative. It is interesting to note that most people disagree - Holy books should be available in formats tailored to people with disabilities (Braille font for blind people, for people with dyslexia, audio format and easily understandable form for people with disabilities), and the lowest arithmetic mean is obtained by claiming People with disabilities are larger believers.

**Conclusion** This research has been conducted with the aim of producing a master's thesis and may be the impetus for some future research on these very complex problems. Some limitations and weaknesses in our research may inspire and encourage some of the same or similar research. There is a great deal of research to date, but the etiology of the disordered behavior remains unclear, and it is even more difficult to prevent.

**Key words: persons with disabilities, religion, attitude, orthodox, islam**

# Вовед

Собранието на Република Македонија на 5. 12. 2011 година едногласно го усвои Законот за ратификација на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, со што на извршните органи во државата им се налага брза имплементација на истата.

Со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, се осмислува правно обврзувачка рамка за заштита и промоција на правата на лицата со попреченост на универзално ниво и се прави значителен исчекор пред традиционлниот концепт на разбирање на попреченоста како "личен проблем" на лицата кои го имаат, наспрема "социјалниот проблем" на државата (1).

Државите коишто ја ратификуваат конвенцијата, законски ќе бидат обврзани лицата со попреченост да ги третираат како рамноправни субјекти со права чие уживање треба да биде обезбедено од страна на самата држава. Конвенцијата е добра можност конечно да се исправат грешките направени уште при конструкцијата и поставувањето на темелите на нашата држава. Обврска на државата ќе биде да ги усогласи, а на тој начин и значително подобри, основните, темелните закони кои се однесуваат на лицата со попреченост.

Во ова современо општество особено треба да се обрне внимание на структурата на заболувањата кај населението во последните десетлетија. Може да се забележи дека преовладува порастот на психички болести, на гранични психички состојби, бројот на децата родени со ризик фактор, за појава на ментална ретардација, како и бројот на децата со аутизам. Ваквата промена на сликата е поврзана со осиромашувањето на народот, ваквата промена се забележува во сите развиени земји.

Научниците ја поврзуваат оваа појава со информатичкиот и технолошкиот подем, со забрзувањето на темпото на животот и со социјалната напнатост и секојдневните стресови кои доведуваат до нарушување на психичката адаптација на личноста на околината. Погубноста на забрзувањето на темпото на животот се состои во тоа што човекот ја губи способноста да ја оцени својата сопствена и духовна

состојба, тој престанува да се загледува себеси и да го оценува своето битие од позиција на вечните, неменливи вредности и веќе не умее да се восприеми себеси како круна на творението, како чедо божје.

# I

# *ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО*

# 1. Односот кон лицата со пречки во развојот во текот на историјата

Состојбата и статусот на лицата со пречки во развојот низ историјата на човештвото биле согледувани, идентификувани и дефинирани во зависност од степенот на севкупниот општествен, научен, културен, социјален и економски развој, односно во зависност од класно-историски определувања во минатото. Врз основа на пишаните документи со кои располага денешната цивилизација, односот на општеството кон ова популација науката го класифицира во следните периоди;

**-Период на недефиниран, неопределен и недоволно проучен однос;**

**-Период на нетолерантен и нехуман однос;**

**−Период на толеранција и заштита;**

**-Период на организирање заштита и повремени обиди за третман , воспитание и образование;**

**−Период на организирано и со закон засновано воспитание и образование (2, 3)**

Секој период има свои фази, а тие пак свои претставници во чии идеи егзистира филозофијата на епохата која го одразува ставот на општеството легализиран или не, кон лицата со пречки во развојот.

Согледувајќи го минатото на сите категории лица со пречки во развојот и на секоја категорија посебно, се наметнуваат некои заеднички ставови и услови кои доведоа до тоа научниците да се занимаваат со оваа проблематика. Љубомир Савиќ дава некои општи законитости за појава на грижа на лица со посебни потреби:

- Лица со пречки во развојот постоеле отсекогаш, во сите општества и на сите континенти. Ги имало и во стариот век а ги има и денес. Додека порано причината за појава  на овие лица била немоќ и незнаење на науката, денес попреченоста се јавува како последица на грешки во науката (нуклеарно

зрачење, хемиски отрови, загаденост на средината, пробиена озонска обвивка на Земјата)

- Од степенот на развојот на општеството, во прв ред материјалните средства на конкретното општество и економската моќ на државата зависи степенот на грижата за овие лица. Колку економско ниво е поголемо, толку и бројот на таквите случаи е значително помал;
- Претходните два моменти условиле односот меѓу тие лица да биде различен не само во различни земји, туку и во самата земја, во зависност од економскиот развој на таа земја и општествената епоха во која се наоѓала. На пример:

  - Во првобитната заедница сите лица со пречки во развојот биле осудувани да умрат или биле уништувани, бидејќи неможеле да бидат корисни за заедницата. Лицата со пречки во развојот во првобитната заедница се резултат на бракови со блиско сродно сродство. Карактеристично за првобитната заедница е стихијната борба за опстанок во природата, кој не е способен да се спротистави, бил уништуван (слеп, глув, сакат, со забавени рефлекси итн)

  - Во робовладетелско општество ставот бил поинаков; децата робови биле убивани, затоа што не биле способни за работа, а децата на робовладателите се чувани од страна на робовите далеку од куќата и градот. (2)

- Среден век

Хендикепираните лица, особено возрасните и душевните болни биле предмет на сурова забава, ги бркале по средновековните градски улици, на нив пуштале кучиња, или едноставно ги тепале и ги бркале надвор од градските ѕидини. За да ги спасат градските челници отвараат во градските ѕидини посебни простории-кафези, во кои ги тргнувале од улица.

Два основни правца доминирале во средниот век:

1. анимистичен-некои натприродни духови владееле во светот. Според тогашни сфаќања во дефектното лице влегол лош дух кој треба да се истера.

2. демонолошки-демонот треба да се истера и против ѓаволот, вештерките, лошите духови треба да се повика помош со молитва кон господ или некој светец.(3)

Сепак во средниот век се јавуваат и првите почетоци на чување и учење на поедини категории деца со посебни потреби. Запрвпат се создадени азили (манастирски или градски) за нивно чување.

- Нов век

Со појава на хуманизмот и ренесансата, се јавува и медицината, која сега на дефектот гледа како на посебна психолошка состојба која треба да се лечи. За овие лица веќе не се грижат калуѓерите и поповите, туку лекарите, кои настојуваат да проникнат не само во причината на болеста туку и истата да ја компензираат. Најпрво се јавува учење дека овде никаква улога не играат ѓаволите и духовите, туку дека тоа е материјална, физиолошка причина и патолошка состојба. Напредокот и откритијата во анатомијата и физиологијата придонесуваат за подобро запознавање, не само со болестите туку и со растројствата.

Во текот на XIX век сите видови на телесни, сензорни, психички и комуникативни пречки, недостатоци и растројства се префрлуваат од подрачјето на здравството во подрачјето на социјалата и образованието. За кратко време доаѓа до конструирањето на специјална педагогија, како педагошка дисциплина чиј предмет треба да биде заштита, воспитание и образованието на "дефектните" лица. Меѓутоа се раѓа идеја за конституирање на нова дисциплина, која ќе се засновува врз основа на Филозофијата и практиката на лекување и која ќе ги аплицира научните сознанија на времето во однос на попреченоста и нејзиниот третман. Тоа е идејата за констритуирањето на Медицинската педагогија.

Врз основа на развој на медицинската и специјалната педагогија, во втората половина на XX, се јавува нов пристап кој ги обединува сознанијата од специјалната, медицинската педагогија и психологија. Така доаѓа до создавање на наука  во чиј концепт лежи биопсихосоцијалната структура на хендикепираната личност.(3)

# 2. Лица со пречки во развојот

## 2.1. Термини и поими за лица со пречки во развојот

Денес во литературата во различни земји во различни говорни подрачја се употребуваат повеќе термини и поими кои се однесуваат на состојбите на лицата со пречки во социјалната интеграција. (2,3)

Новите називи на лицата со пречки во развојот и лица со тешкотии во развојот се плод на модерното време и моментална култура, па оттаму може да се очекува дека ќе постои и еволуција на терминологијата. Самите јазични промени ја потикнуваат желбата да се посведочи дека лицето со некое оштетување е пред се личност која треба да биде почитувана и на која треба да и се овозможат услови да ги оствари своите потенцијали. Поимите кои ги означуваат овие лица постојано се менуваат и развиваат при што тој развој е условен од науката, општествените промени и промените во односот на општеството кон лицата со нарушување во социјалната интеграција. (29)

Најчесто употребувани термини се: дефект, хендикеп, растројства во однесувањето, соматопсихички оштетувања, абнормалност, тешкотии во социјална интеграција, растројства во однесувањето, пречки во психофизичкиот развој, пречки во развојот итн.

- **Дефект** - терминот најмногу е експлоатиран во руска научна и стручна литература. Во блиското минато овој термин бил употребуван и кај нас, но денес во стручната литература, како и во законската регулатива употребувањето на овој термин се избегнува поради негативните синтагми и конотации.

Сите лица кои имале некое оштетување биле третирани како дефектни што не мора да значи дека тие се такви бидејќи дефектот се однесува на одделни органи (за вид, слух и сл.), а таквите лица може да бидат еднакви, а понекогаш и подобри од нормалната популација, а посебно по ефикасен третман кој овозможува вклучување на таквите лица во сите сфери на општественото живеење. Друга негативна страна на терминот дефект е неговата секојдневна употреба за исмејување, потценување, навредување и сл. (2,3)

- **Хендикеп** Овој термин е доста употребуван во секојдневниот живот, а роретко се користи во научната и стручната литература, додека во службената терминологија, т.е. во законската регулатива со која се регулираат прашањата од проблематиката на лица со пречки во развојот не се употребува. Како што наведуваат загребските автори во поширока смисла на зборот, овој термин според Енциклопедијата на Лексикографскиот завод - Загреб означува тешкотија, или пречка што оневозможува некоја активност. Во потесна смисла на зборот за хендикепирани се сметаат оние лица кои поради некоја болест, оштетување, инвалидитет или пречки во развојот имаат тешкотии во вклучувањето во општествената средина.

  Хендикепот со други зборови претставува наполно негативен ефект во состојбата на личноста што вклучува:

  - пречки што произлегуваат од некои оштетувања на личноста;
  - ограничувања утврдени од самото општество;
  - негативни ставови на социјалната средина и
  - како се доживува самиот себе (самоперцепција).

  Хендикепот може да се јави и како последица на отфрлање или неприфаќање на лицата со пречки во развојот и тоа особено ако тоа е сторено на осетлив и недискретен начин.

  Исто така хендикепот може да се јави како резултат на неможноста на овие лица да се вклучат во активности во кои би сакале да учествуваат. (2,3)

- **Абнормалност**-овој термин исто така се употребува за означување на состојба на лица со пречки во развојот. Како термин се применува и од страна на Светската здравствена организација во дефиниција на оштетувањата.

  Постои објаснување на терминот абнормалност од психолошки, педагошки и социолошки аспект, а сите се сведуваат на тоа што абнормалност претставува отстапување од вообичаените и очекуваните норми и вредности, пишани и

непишани правила, како и отстапување од способностите за интеграција и адаптација.(2,3)

- **Инвалидност-** состојба на организмот кај едно лице кое, поради болест, повреда или вродена мана, има трајно, делумно или целосно намалување на способностите на организмот за нормално функционирање, социјален живот и стопанисување. (2,3)

Овој термин ретко се употребува во практиката поради лошиот превод во странската литература. Во англиско јазично подрачје терминот "people with disabilities", што преведено на македонски јазик значи "лица со инавалидност". Кај нас уште со започнувањето на заштита и рехабилитација на овие лица, овој термин е употребуван многу често и сеуште се употребува во комуникацијата и законската регулатива.

- **Лица со пречки во развојот** - кај нас овој термин е најприфатен како во литературата така и во законската регулатива. Прво на овој термин му се дава приоритет во неговото користење поради самата поставеност и системот на рехабилитација што со третман ги опфаќа лицата со пречки во развојот од самото раѓање, па се до адолесценција и нивната интеграција во социјалната средина. Второ, поради тоа што во раниот период од животот кај децата што имаат определени попречености, не може да се даде диференцијална дијагноза за состојбата и не може со сигурност да се определи и да се знае попреченоста (пример: лесна ментална ретардација, дисхармоничен развој, комбинирани пречки и сл.).

Во различни земји постојат различни дефиниции за поимот на попреченост. Основно во сфаќањето на попреченоста е дека на човекот се гледа како на биопсихолошка целост која за жал од многубројни и разновидни причини може да биде нарушена. Затоа лицето попречено во развојот, не е ниту "случај", ниту "збир на дијагнози". Според барањата на секојдневниот живот, човекот е принуден да се владее како целост, а не како мозаик од фрагменти. Тоа е пред се, поради фактот што попреченоста во развојот без сомневање може да предизвика ограничување на способноста за стопанисување и

прилагодување. Се поставува прашање за поблиска детерминација на поимот "попреченост во физичкиот или психичкиот развој", што треба да се изрази со соодветна класификација на овие лица, бидејќи таа претставува важен фактор во заштита и рехабилитацијата. Од неа зависи правилно насочување во заштитата и рехабилитација на овие лица. (30)

## 2.2.Класификација на лицата со пречки во развојот

Во Република Северна Македонија најмногу користена е класификација според Правилникот за утврдување на специфичните потреби во зависност од видот и степенот на пречките во физичкиот и психичкиот развој. ( 30)

Лицата со пречки во физичкиот и психичкиот развој според Правилникот за утврдување на специфичните потреби во зависност од видот и степенот на пречките во физичкиот и психичкиот развој се:

1. Лица со оштетен вид
2. Лица со оштетен слух
3. Лица со телесна инвалидност
4. Лица со интелектуална попреченост
5. Лица со аутистичен спектар на нарушување
6. Хронично болни
7. Лица со комбинирани пречки во развој

### 2.2.1. Лица со оштетен вид

Со пречки во видот, согласно Правилникот за оцена на специфични потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој, се сметаат слабовидни и слепи лица.

Слабовидно се смета лице кое на подоброто око со корекционо стакло има острина на видот помала од 40%(0,4) и лице кое на подоброто око со корекционо стакло има острина на видот поголема од 40%(0.4), но кај кое се предвидува извесно влошување на видот.

Слепо лице се смета она лице кое на подоброто око со корекционо стакло има остаток на видот 10%(0.10) и лице со централен вид на подоброто око со корекционо стакло до 25% (0.25), на кое видното поле му е стеснето до 20%.

Според степенот на попреченоста, слепите лица се распоредуваат во три групи, и тоа:

- Лице кое наполно го изгубило осетот за светло (амауроза).

- Лице кое на подоброто око со корекционо стакло има остаток на видот до 5% (0.05) или лице кое на подоброто око со корекционо стакло има остаток на видот помалку од 10% (0.10) или има видно поле стеснето до 20%.

- Лице кое на подоброто око со корекционо стакло има остаток на видот помалку од 10% (0.10) и лице со централен вид на подоброто око со корекционо стакло до 25% (0.25) и кое има видно поле стеснето до 20%.

Слабовидно- практично слепо лице се смета лице со толку намалена функционална способност на органот за вид која не му овозможува воспитание и образование по визуелен пат. (4)

### 2.2.2. Лица со оштетен слух

Во зависност од степенот на оштетувањето, лицата со пречки во аудитивната перцепција би можеле да се класифицираат во две групи: глуви и наглуви лица.

**1.** За наглуви лица се сметаат оние лица кај кои оштетувањето на слухот на подоброто уво е од 25 до 80 дб и кои потполно или делумно го развиле вербалниот говор. Според степенот на оштетувањето на слухот, времето кога настанало оштетувањето и степенот на говорната развиеност, наглувите лица ги распоредуваме како:

- Лица со лесно оштетување на слухот од 25 до 40 дб. Овие лица можат спонтано да развијат вербален говор.
- Лица со умерено оштетување на слухот од 40 до 60 дб кои пред оштетувањето спонтано го развиле говорот.
- Лица со умерено оштетување на слухот од 40 до 60 дб се и лица кај кои оштетувањето на слухот настанало пред да го развијат говорот, а како последица на тоа имаат делумно развиен говор.
- Лица со тешко оштетување на слухот од 60 до 80 дб кои спонтано го развиле говорот пред да настане оштетувањето.
- Лица со тешко оштетување на слухот од 60 до 80 дб кај кои оштетувањето на слухот настанало пред да го развијат говорот, а потоа го развиле со систематски сурдоаудилошки третман.
- Лица со тешко оштетување на слухот од 60 до 80 дб се и оние лица кај кои оштетувањето на слухот настанало пред да го равијат говорот, а кои во моментот на оцената на специфичните потреби имаат недоволно развиен говор.

**2**. За глуви се сметаат оние кај кои оштетувањето на слухот е поголемо од 80 дб и кои и со слушен амплификатор не можат целосно да го перцепираат вербалниот говор. Глувите лица се делат на практично глуви и тотално глуви. Практично глувите со слушен амплификатор можат да слушаат до одредени супрасегменти од говорот. Тотално глувите лица имаат потполно згасната слушна перцепција. Според времето на настанувањето и степенот на развојот на говорот, овие лица се распоредуваат на :

- Лица кои пред оштетувањето на слухот го развиле вербалниот говор и во времето на оцена на специфични потреби добро говорат,
- Лица кои пред оштетувањето на слухот не го развиле спонтано вербалниот говор, а потоа со интезивен и систематски сурдоаудиолошки третман го постигнале тоа,
- Лица кои го изгубиле слухот пред да го развијат вербалниот говор и во моментот на распоредувањето имаат недоволно изграден говор или се без говор.

**3.** Лица со комбинирани пречки кај кои примарно оштетување е оштетувањето на слухот(4)

### 2.2.3. Лица со телесна инвалидност

Телесна инвалидност е состојба на намалување или губење на функционална способност на еден или повеќе делови од телото со што значително се намалува способноста на лицето во задоволувањето на основните животни потреби.

Во зависност од специфичните потреби што се јавуваат како последица на вакви промени на организмот, телесната инвалидност може да биде тешка, потешка и најтешка.

- Тешка телесна инвалидност се јавува во оние случаи кога лицето може самостојно да ги задоволува своите потреби со соодветни ортопедски помагала или адаптација на физичката средина.

- Потешка телесна инвалидност постои кога лицето може самостојно да ги задоволува своите потреби само со помош од друго лице.

- Најтешка телесна инвалидност кога лицето има потреба од постојана грижа и нега во задоволувањето на основните биолошки и социјални потреби. (4)

Класификацијата на телесно инвалидни лица според Стошљевиќ Љ. и Одовиќ Г., укажува на тоа дека инвалидите се делат според разни критериуми, поради тоа што постојат и бројни класификации, од кои најчесто се спомнуваат: **етиолошката, функционалната и правната класификација**.

**Етиолошката класификација** како критериуми ги зема причините на инвалидноста, врз основа на кои постојат две групи:

- Наследна инвалидност и

- Стекната инавалидност (под влијание на болести, повреди, социо-културни влијанија).

**Функционалната класификација** се одредува по тоа кој дел од организмот или неговите функции е оштетен:

- Сензорна, во која ги вбројуваме: оштетување на видот, оштетување на слухот, оштетување на говорот и гласот
- Физичка инвалидност се дели во две подгрупи и тоа сензорна (оштетување на слух, говор, вид и глас) и телесна (оштетување на локомоторниот апарат, на централниот и периферниот нервен систем, оштетување од хронични болести, растројства на психомоториката)

- Психичка инвалидност, исто така се дели на две подгрупи: ментално болни и ментално ретардирани лица
- Повеќекратна, со две или повеќе примарни оштетувања. (4)

### 2.2.4. Лица со интелектуална попреченост

Под овој термин подразбираме состојба на забавен или непотполн психички развој кој се карактеризира со нарушување на оние способности кои се појавуваат, а придонесуваат за општото ниво на интелегенција, а тоа се когнитивните, моторните и социјалните способности.

Лицата со ментална ретрдација се распоредуваат во неколку подгрупи и тоа:

1. Лица со лесна ментална ретрдација кои ги препознаваме по благото намалување на нивото на интелектуалните, говорните и јазичните, моторните и социјалните способности. Овие лица и покрај тоа што зборуваат за извесно задоцнување најголемиот број од нив го користат говорот во секојдневниот живот. На стандарзираните тестови за интелегенција овие лица имаат IQ од 50 до 69.

2. Лица со умерен ментален хендикеп покажуваат забавен развој и ограничени способности во употребата на говорот, јазикот, моториката како и грижата за себе . На стандарзираните тестови за интелегенција покажуваат IQ од 35 до 49.

3. Лица со тешка ментална ретардација по клиничка слика се слични на лицата со умерен ментален хендикеп. Разликата се гледа во значително ограничени способности во областа на говорот, јазикот, моторните способности и грижата за себе. Поголем број од ова категорија ментално ретардирани лица имаат изразени моторни и други пропратни оштетувања кои укажуваат на оштетување или пореметување во развојот на централниот нервен систем. На стандарзираните тестови за интелегенција покажуваат IQ од 20 до 34.

4. Лица со длабока ментална ретардација е најтешка категорија која се карактеризира со изразито ограничени способности за разбирање и прифаќање на барањата или упатствата. Кај овие лица се присутни само рудиментирани форми на невербална комуникација. Поголем број од овие лица се полуподвижни или неподвижни и немаат способност да ги контролираат своите физиолошки потреби. Овие лица не се способни сами да се грижат за себе, поради што им е потребна постојано помош, нега и надзор од друго лице. На стандарзираните тестови за интелегенција покажуваат IQ до 20. (2.3)

## 2.2.5. Лица со аутизам

Аутизмот претставува инвалидизирачко нарушување во раното детство со карактеристични нарушувања во социјалната сфера, комуникациски нарушувања и ригидни ритуалистички нарушувања.(35)

Според Светската здравствена организација (СЗО), детскиот аутизам претставува первазивно развојно нарушување кое се дефинира со постоење на ненормален или оштетен развој кој се манифестира пред третата година од животот со карактеристичен облик на патолошко функционирање во сите три облици на социјалните интеракции, во комуникациите и со повторувачко однесување. (36)

Аутизмот може да се подели на идиопатски (кога не може да се идентификува ризик фактор) и секундарен (кога може да се идентификува ризик фактор). Околу 80-85% од случаите со аутизам се идиопатски, а 15-20 % се секундарни. (37)

Децата со аутизам покажуваат квалитетно оштетување на реципрочните социјални интераакци и на шемите за комуникација, со истовремено присуство на сиромашен стереотипен, рецептивен репертоар на интересирања и активности. (38)

Социјалните нарушувања кај децата со аутизам стануваат забележливи во најраното детство. Децата со аутизам покажуваат намалено внимание кон социјални стимули, ретко покажуваат социјално разбирање, ретко спонтано им пристапуваат на

другите и ретко емитираат и одговараат на емоциите. Лицата со аутизам покажуваат однесувања како другите луѓе да не постојат, има мал или неприсутен контакт со очите и не одговара кога му зборуваат. Кога на неговиот пат ќе се најде друго лице, тоа минува покрај него како воопшто и да не го забележува. Детето со аутизам не реагира на туѓите чувства: радост, насмевка, тага или плачење. Своите потреби ги изразува со повлекување на раката на возрасниот и приведување кон предметот што го интересира. На неговото лице нема експресија со исклучок при екстремно задоволство, лутина или стрес и не дава одговор на милување,односно ја отргнува раката која го милува . (35)

## 2.2.6. Лица со пречки во гласот, говорот и јазикот

Тука се вбројуваат оние лица чиј говор не одговара на календарската возраст или не е разбирлив, граматички и синтактички неизграден, со конвулзивни пречки во механизмот и автоматизмот на говорот заради што им е потребен логопедски третман и лекување.

Лицата со пореметувања во вербалната комуникација според видот и степенот се распоредуваат во следните групи:

- Лице со потполно отсуство на говорот- алалија
- Лице со патолошки говорен развој
- Лице со тешка назализација-ринолалија
- Лице со тешко оштетување на гласот -афонија и дисфонија
- Лице со тешко оштетен говор поради детска парализа
- Лице со аутизам
- Лице со оштетен или изгубен порано стекнат говор-афазија и дисфазија
- Лице со комбинација на горенаведените пречки

Лица со поблаги облици на оштетување, како и лицата со неправилен изговор на гласовите (дислалии), неправилно читање (дислексии) и неправилно пишување (дисграфии) не се вбројуваат односно распоредуваат како лица со пречки во психичкиот или физичкиот развој. (2)

## 2.2.7. Хронично болни лица

Во ова категорија на хендикепирани постојат две групи и тоа:

1. Лица со најтешки облици на хронични заболувања и сериозно нарушена здравствена состојба каде ги вбројуваме лицата со срцеви заболувања, хемофилија, дијабетес, леукемија, потежок облик на бронхијална астма, хемиплегија, параплегија, артритис, ревматизам и лица на дијализа.

2. Лица со пореметување во психомоториката каде има три подгрупи и тоа:

- Пореметување на психомоториката како резултат на дисхармоничен тек на развојот на психомоторниот спрег

- Пореметување на психомоториката како резултат на забавен развој на одделни структури на психомоторен спрег

- Пореметување на психомоториката во склоп на општите емоционални пореметувања и пореметувања на интелегенцијата. (2)

## 2.2.8. Лица со комбинирани пречки во развојот

Во ова категорија на хендикепирани лица се вбројуваат лицата кои имаат две или повеќе видови пречки во развојот наведени во Правилникот за определување на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој.(2)

# 3. Поим за религија

Што е религија? Самата општост на ова прашање ја наметнува потребата да бидат опфатени сите човечки заедници и нивните религии од минатото па се до денес, бидејќи религијата иако  во различен облик, таа е обележје на сите човечки заедници.(6)

Постои голема разновидност во дефинирањето на религијата, дали ќе биде истакнат само нејзиниот најважен дел, а потоа ќе се додадат и нејзините останати аспекти. Религијата сфатена како општ поим мора по нешто да се разликува од посебните религии.(7,8)

Според етимолошка дефиниција поимот религија (religio) потекнува од латинскиот збор "religare" што значи врска, па може да се заклучи дека религијата претставува врска меѓу човекот и божественото битие. Лоренц пак, смета дека терминот религија потекнува од зборот "relinquere"што значи дека религијата подразбира отстранување на некој предмет од  употреба и следствено на тоа и негово осветување и посветување на бога. (8,9)

Религијата е еден вид на културна активност со која човекот го сознава светот, а од друга страна пак го прилагодува на своите потреби и на него влијае. Религијата може да се дефинира како вера во надворешниот свет или како врска на човекот со натприродно Битие, или од друга страна како верување во Бога.

Според Вуко Павичевиќ, дефиницијата на религијата ја градат или ја сочинуваат пет елемент и тоа: замислата за натприродното битие, религиските чувства, религиските симболи, ритуалот и религиската организација. Павичевиќ ја дава следната феноменошка дефиниција за религијата; Религијата е организиран збир на верувања, чувства, симболи, култни дејствија и морални прашања врзани за идејата или замислата за онострано битие за кое се грижи посебна организација- црквата.(8,9)

Некои автори при определувањето на религија повеќе ја истакнуваат нејзината субјективна страна, односно субјективното доживување, додека други истакнуваат дека религијата претставува посебна и специфична организација. Религијата е широк

поим во кој свое место наоѓаат религиозноста и верските заедници. Тоа значи дека религија е мултидимензионална; субјективна и објективна, индивидуална и колективна појава.

Денес поимот религиозност е толку дифузен, што е тешко да се одреди јасна граница помеѓу она што се смета за религиозно и она што не е. Доста е тешко, дури и невозможно со еден термин да се изрази односот помеѓу внатрешно религиозно искуство и надворешните облици на религиозност.(11)

## 3.1. Функции на религијата

Анализирајќи го човечкиот живот во текот на историјата може да се согледа големата улога што ја има религијата во прилагодувањето на крупните промени што се случуваат во животот на единката и заедницата како што се раѓањето, растење, склопување на брак, некои тажни моменти и сл. Религијата ги прави смислени сите искуства и промени што се случуваат во човечкиот живот и општеството. Откривајќи ги и проучувајќи ги функциите на религијата на некој начин се прави анализа и опфаќање на сите сфери на човековото битисување.

Од функциите што ги има религијата најспецифични се:

- религиска функција на поглед на свет

- индивидуално-психолошка функција

- компезациона функција

- општествено-интегративна функција

- етичка функција (8)

**Религиската функција на поглед на свет**, во најтесна смисла е поврзана со религиска компонента-замисла за натприроднодното-онострано битие. Замислата што човекот ја има за натприродното-онострано битие, во голема мера го обликува и неговиот поглед на свет воопшто. Од ваквото поимање произлегува и ставот дека луѓето, пред се верниците, го делат светот на свет на свети нешта (сакрални) и свет на световни нешта (профане). Светот на световните нешта е светот во кој живееме, овоземскиот свет, а светот на светите нешта е светот на оностраното битие, односно, натприродното битие го добива статусот на светост, а природниот поредок го добива статусот на профаност.(8)

Според Павичевиќ "религијата преку својата функција поглед на свет, добива и статус на специфична филозофија, бидејќи погледот, сфаќањето и третманот што религијата го има за светото нешто, не е можен ако во исто време не го инкорпира во еден целосен поглед на свет, заедно со сфаќањето за природното или профаното". Така да според Павичевиќ може да заклучиме дека светото и профаното постојат само ако се посматраат и стават во меѓусебен однос, од оваа произлегуваат темелните карактеристики на религискиот поглед на свет и тоа : дуализмот и спиритуализмот. Дуализмот се согледува преку неговата идеја за постоење на два света, спиритуалистичката карактеристика ја идентификува на основа на приматот што во религискиот поглед на свет го има духовниот принцип.

**Индивидуално-психолошката функција** се согледува токму во помагањето на индивидуите во надминување на одредени состојби и емоции, односно помагање во кризни ситуации.Човекот некогаш е доведен во ситуација да не може и да не знае како да обезбеди егзистенција, токму преку оваа функција, религијата често пати и ја осмислува човековата егзистенција. Од друга страна, одредени емоции, како на пример стравот, пред се стравот од смртта, што се јавуваат кај човекот можат да предизвикуваат последици по неговото здравје и живот и во такви моменти религијата преку оваа своја функција му помага. Стравот од непознатото, стравот од смртта, се состојби кои на човекот му носат стрес и сомневање, но религијата му помага да го надмине тој страв, нудејќи му одредени одговори и давајќи одредена смисла на некои бесмислени ситуации.(8)

Религијата преку оваа функција, го олеснува емоционалното и духовното прилагодување на личните и заеднички промени, давајќи им одредено значење и крајна смисла. Според Шушњич религијата преку оваа функција му помага на човекот и да стекне свест за себе, пред се во односите со други луѓе, бидејќи во тие односи човекот често може да доживее со некоја постапка на другите да ти се загрози или сруши сликата која ја имаат изградено за себе. Ако и некој човек нема изградено слика за себе, секое мислење на друга личност ќе биде за него еднакво вредно. Но со самиот факт дека човекот најчесто отфрла некои мислења за себе што му ги наметнуваат другите, само го потврдува фактот дека човекот има изградено свест за себе, односно го брани својот идентитет и повлекува јасна граница меѓу себе и другите. На тој начин го чува и го гради својот индивидуалидитет, а на еден верник секако во тоа му помага и религијата. Шушњич истакнува дека значајноста на оваа функција на религијата се согледува во помошта што таа му ја дава на човекот при градење на личниот и колективен идентитет, потенцирајќи дека таа одговара на прашањето на секој поединечен верник што си го поставува: "Кој сум јас и каде е моето место во структурата на светот?". (8)

**Компензациона функција на религијата** ја чини гледиштето според кое во својот живот човекот добива награда за добронаправените дела, а казна за лошосторените дела, но некогаш животот не го наградува човекот својствено за добрите работи што ги прави и за да не дојде до разочарување кај него и до престанок да прави добри дела, религијата нуди компензација, односно доколку не бидеш награден на овој свет, за своите постапки ќе бидеш награден на оној свет, значи етичките заслуги во овој живот може да донесат повторно раѓање на небото.

Старк и Бејнбриџ укажуваат посебно на компезационата функција на религија. Според нив, религијата е обид да во отсуство на алтернативните решенија, ги обезбеди саканите решенија. Тие религијата ја гледаат како општ и неизбежен дел од човековиот живот и наградите на кои религиските верувања се насочени се многу општи. Со цел доаѓање до соодветни награди, луѓето, според Старк и Бејнбриџ, бараат и создаваат таканаречени објаснувања, односно образложенија, како и зошто наградите можат да се добијат и како и зошто да се вложува во таа цел.

Шушњиќ истакнува дека со оглед на фактот што луѓето доживуваат во текот на својот живот различни осуетености и патења, логично е да постојат и различни начини на компензација за претрпените болки, а тој  ги наведува следиве:

- психолошки: лишувањето може да биде мало но и да расте до несразмерни граници. Да се ослободиш од економска и социјална беда во себеси, од чувство на пониска вредност во однос на другите. Религијата треба да ти ја зајакне самодовербата и да веруваш дека иако си лишен од некои земски задоволства тоа ќе го компензираш во онoземскиот свет

- економски; ако си сиромашен на овој свет, не жали и не пати ќе бидеш побогат на оној свет. Религијата учи дека немањето доволно материјални средства не треба да не прави несреќни бидејќи тоа може да ни донесе и богатство на оној свет

- социјални: одредени општествени потреби не можеме да ги оствариме и за тоа да не ни донесе фрустрации, треба да веруваме дека одредени социјални функции и улоги ќе ни се компензираат на оној свет

- етички: честопати човекот доживува понижувања, страда, но тој не треба да се разочара, напротив треба да го јакне духот, односно да претпостави дека сето тоа е само искушение за да се согледа неговата морална цврстина на духот

- когнитивни: одредени кризни ситуации може да бидат и сознајно плодни, имено во време на најтешки кризи доаѓа до појава на откритија и нови вредносни ориентации. Секое патење се наплаќа со некое сознание, вистината е награда за претрпените болки

- физички: некој телесен недостаток или болест можат да бидат и причина и извор на отуѓеност и лошо чувство. Преку молитви на некој начин се ослободуваш од негативните емоции и полесно ја прифаќаш реалноста (8)

Со помош на компензационата функција, религијата допринесува верниците полесно да прифатат одредени ситуации од реалниот живот, се со цел дека тоа понатаму во животот ќе им биде компензирано во животот.

**Општествено-интегративната функција** на религијата ја јакне општествената кохезија и го зголемува колективниот дух кај луѓето, што допринесува и за постабилен општествен систем. Всушност преку општествено-интегративната функција на религијата, се сфаќа дека таа е во функција и во служба на јакнење на општествената солидарност и суштината на верските ритуали би биле јакнење и развој на општествената интеграција. Ваквото толкување на религијата ни дава за право да заклучиме дека интеграцијата е побитна од самата религија и колку што е поголем степенот на религиозност на групата, толку е повисок степенот на интеграцијата на групата, а со зголемувањето на степенот на интеграција на групата се зголемува и религиозноста на секој член на групата. Од функционалистичко гледиште, религијата нема за цел да ги спасува поединечните души, туку да помогне општеството и неговите вредности да не се распрснат. Според функционалистите, сите идеи и верувања, кои на било кој начин придонесуваат за интеграција на општеството, можат да се сметаат за религиски, бидејќи ја изразуваат најголемата вредност. Односот на поединецот кон другите поединци е во втор план, кога станува збор за религијата, битна е заедницата и општеството. Таа настанува на темел на заеднички искуства, верувања и вредности, а не врз основа на крвно или брачно сродство, затоа и функција не религијата е да ја јакне и да ја чува интеграцијата на општеството.

Општествено-интегративната функција на религија е во насока на воспоставување на статус, улога и функција на религиска матрица, ставајќи посебно акцент на етичка компонента на таа матрица, односно на конкретна општествена заедница.(8)

Шушњич зборувајќи за социјално-интегративна функција на религијата укажува и на една опасност што произлегува од ова функција. Како доказ за тоа го наведува ставот дека една религија делува интегративно на своите верници, но се оддалечува од луѓето од другите вери или од оние кои се без вера, другите се странци и кон нив не може да се постапува како што налагаат Божјите заповеди. Јудаизмот е типична религија на избраните, но и некои други религии посветуваат повеќе вера на своите

браќа и сестри по вера ги ставаат рамо до рамо со крвните роднини дури и над нив. Верската поврзаност понекогаш е појака и од крвната врска.(10)

**Етичката функција на религија** произлегува од тоа дека религијата е расадник на морални вредности.

Кога единката го усогласува своето однесување со одредените норми и притоа ги прифати како сопствено уверување дека така треба да се однесува, тогаш велиме дека единката ја сфатила човековата општествена смисла на нормите, односно тогаш единката ја сметаме за вистински морално зрела, односно морално оформена. Авторитетот кој, формираната личност ја наведува на одредено однесување е авторитет од објективна причина и начело чија смисла ги воочила и признала, така што покорувањето на нормите престанува да биде покорување на надворешниот авторитет и се претвора во самостојно одлучување и постапување според сопствено видување и убедување-хетерономија се заменува со автономија. Таа автономна моралност, единката може да ја затекне дури на одреден степен на рационална и емоционална зрелост, па така на автономна фаза мора да и претходи фаза во која елементите на хетерономија се неопходни. (9,10)

Анализирајќи ја етичката димензија на религиските системи, Ќимиќ ќе истакне дека пронаоѓањето на релацијата помеѓу религијата и моралот подразбира и пронаоѓање на религиската смисла и смислата на замислата на натприродното битие во морално значење и моралната фунција на религиските системи и натприродното суштество. Според него конкретна религиска свест на верниците својата најосновна и најважна димензија ја има во свеста за божество како етички законодавец и судија, односно како етички моделар на целината на верничкиот живот. (10)

Поврзувањето на моралот и религијата има свое позитивно значење. Замислата за Бог како семоќен, оној кој се гледа и слуша и кој пресудува за нашите постапки го наведува поединецот да ги контролира своите постапки и да се однесува согласно со елементарните норми кои религијата ги прикажува како Божја волја. (9)

Покрај позитивно значење, поврзувањето на моралот и религијата имало и негативни последици. Релегиски заснована етика може да се најде во опасност, да

дојде во судир со одредени хуманистички вредности, зашто на врвот на својата вредносна скала и во основата на својот поглед на свет става нешто најсветовно, натприродно за кое неможе да знае, туку само да верува. Со оглед на тоа што за натприродното постојат различни верувања, секоја религија за да го задржи своето посебно верување, го прогласува за единствено право, односно единствено исправно верување. (9,10)

Како што истакнува Павичевиќ, етичката функција на религиските системи ја добива својата вистинска смисла и значење со појавата на монотеистичките религии, преку дефинирање на базичните етички принципи и правила, секако се разбира во однос на светото нешто, пред се светото како синоним на доброто, наспроти сатанското како синоним на злото. (8, 9)

# 4. Лицата со пречки во развојот низ религиите

Според теологијата, религијата не значи само исповедување на верата, туку и традиција преку која е пренесена и содржината на таа вера. Религиозната култура подразбира верување, вреднување и однесување во согласност со религиското определување. Религиозната култура не е само начин на мислење, туку и начин на живеење, однесување и вреднување. (11)

Една од првите работи која се воочува, при изучувањето на различни религии е колку всушност се тие исти, колку имаат заедничко. Религијата е универзална и постои во сите култури. Таа им помага на луѓето да најдат одговори на сите прашања и им даде решение како да им помогне кога им е најтешко.

На сите религии им е заедничко тоа што наоѓаат дека сегашната состојба им е незадоволувачка. Сите веруваат дека промената на ставот и однесувањето е неопходно за да се таа сегашна незадоволувачка состојба промени и поправи. Сите религии учат на етика која опфаќа љубов, благонаклонетост, трпение, великодушност и општествена одговорност и сите го прифаќаат постоењето на некоја врста на Апсолут, на некоја Виша сила.

Религијата претставува некаква духовна поврзаност на една група луѓе со нешто возвишено, свето битие, односно Бог. Религијата е облик на друштвена свест во која природните и друштвените сили се прикажуваат како натприродни, независни од човекот, природата и историјата. Секоја религија подразбира помалку или повеќе едноставно учење кое се однесува на суштината, целта на потеклото на се што постои. (25)

Секоја религија подразбира и одредени облици на верски заедници, како и одредени ритуали по кои се карактеризира и кои се значајни за самата религија и кои се одвиваат на осветени места како цркви, џамии, синагоги, храмови и др.

Не е можно да се запознае и истражи односот на една религија кон лицата со пречки во развој, ако не се запознае догмата, богослужението, моралните и општествените преданија, бидејќи тие се тесно поврзани со општествениот и верскиот

живот на следбениците на таа одредена религија. Поедини верувања, учат дека до исцеление се доаѓа само преку карма, нирвана, енергија, вечниот пат итн. Секоја религија бара одговори на егзистенцијални прашања, на чувството за идентитетот, целта на живеењето и на сопствените вредности. Не мал број на религиозни заедници имаат развиено социо-хумана дејност. Тоа се бројни верски хуманитарни организации, иницијативи за глобална етика, верски организации за мирно решавање на конфликти или така наречени "училишта на мирот", програми за трансформации на конфликти и поправање и надминување на состојбата по конфликтот. Тоа е повремено или организирано и континуирано снабдување на социјално и здравствено загрозени лица заради обезбедување на елементарни услови за живот, и тоа не само на верниците туку на сите.

Религијата е систем на верувања и ритуали преку кои луѓето се однесуваат и го изразуваат своето искуство на Бог (ови), светите или божествени димензии на животот и нивните разбирања за смислата на животот. Религијата вклучува практики во коишто историски гледано, а и денес, таа е една од најголемите сили во животот на културите и цивилизациите. Оттука, лицата со инвалидност и нивните семејства се под влијание на овие религиозни традиции и системи. За возврат, искуството што го носи оштетувањето, како и неговите социјални експресии, инвалидитетот влијае врз религиозното разбирање и пракса за тоа како луѓето со или без инвалидитет го сфаќаат значењето на инвалидноста, божјиот однос кон инвалидноста, а потоа разбирање на праксата и односот кон верувањето или традицијата што ги повикува (34).

Лицата со инвалидност и нивните блиски покренуваат многу прашања за значењето на животот, природата на страдањето, улогата на Бог и божествената цел, разликата и заедницата и разбирањето на индивидалните права и правда. Религијата и верата го обликуваат личниот и заедничкиот идентитет, им помагаат на луѓето да ги пронајдат смислата и целта во врската со основните животни прашања, изразуваат разбирање на светото/божественото и претставуваат водич на етичката практика. Религиозните традиции и вери можат да ги одржат луѓето во време на кризи, преку системи на верување, пракса и широк спектар на поддршка и услуги во рамките на една верска заедница (34).

## 5. Христијанство

Христијанството од самиот почеток се занимава со животните проблеми на луѓето и со дејности насочени кон разрешување на тие проблеми. Оттука составен дел на христијанска филозофија е развивање на социјално-политичка смисла, а својствено на црквата е развивање жива активност на полето на социјалната заштита на сиромашните верници. (44)

Христијанството се живее во вера и однос со Бога преку Исус Христос, со помош на Светиот Дух, а во заедница на верниците сплотени во Црквата. Верата се искажува преку правилно славење, верување и живеење на Христовото учење.

Христијанското духовно патешествие започнува со објавувањето на Бога во неговото Свето Тројство (Бог Отец, Бог Син Исус Христос, и Бог Свети Дух), пресведочувањето за Неговата Светост и Благодат, и сфаќањето на грешнољубивоста на човештвото. (14)

Секоја личност соочена со Божјата Светост и сопствената грешност, може, повикувајќи се врз службата на Исус Христос на Земјата, да се покае и спаси.

Преку Христа грешнољубивиот човек може повторно да ја возобнови Божјата слика во себе, според која човекот беше создаден, пред падот во грев.

Христијанството подразбира вера дека Бог се објави преку Исуса Христа, кој живееше безгрешен живот, беше убиен на крст и воскресна на третиот ден. Христос ни го објави Бога онаков каков што "Тој навистина е". Преку Христовата безгрешна жртва, која беше плата за гревовите на човештвото, на луѓето им се овозможува да ја избегнат оваа казна за гревот (смртта) и повторно да живеат во однос со Бога.(15)

Спасението не е само обнова на односот со Бога, туку и обнова на човекот. Таа му овозможува на човекот повторно да стане вистински човек. Светиот Дух го ослободува човекот од постојаното робување на гревот.

Христијанскиот живот е секојдневно целодневно живеење според оваа обновена природа и непрестано градење на Божјото Царство. Добрите дела не се

прават за да се стане добар христијанин, туку добрите христијани ги прават добрите дела заради сопствената обновена природа. (15)

Заедницата на христијаните, собрани од сите краишта на светот, без разлика на националност, пол и раса, под името и Благодатта на Исуса Христа се нарекува Црква. Црквата, иако во многу јазици се поистоветува со објекти, во вистинската христијанска смисла се луѓето кои се собрани за да го слават Бога.

Ниту еден христијанин не живее во индивидуален однос со Бога, туку е повикан да ја живее својата вера во одредено општество на верници. Црквата постои не затоа што во неа се луѓе со слични размислувања, навики или обичаи, туку затоа што сите имаат еден исти Татко - Бога. Како и во секое семејство, браќата и сестрите не се избрани по волја, туку по потекло од истиот родител.

Преку Црквата (во нејзината полнота) на која што Бог и го дава целосниот свој авторитет и задача на Земјата, христијанинот ја храни својата вера. Преку слушање на Божјиот Збор, славење на Господа, молитвата и Причеста, човекот ја гради и живее својата вера.(14)

Во истата таа Црква, христијанинот придонесува со своите духовни, материјални и секакви други дарови. Се што човек поседува (време, пари, интелигенција, итн.) му е дар од Бога. Во совршената Божја намера овие работи му се дадени на човекот за правилно да ги користи и да управува со нив. Обновениот човек (христијанинот) сите Божји дарови треба да ги користи за правилно живеење и за доброто на човештвото.

## 1.1 Православна антропологија

На темелите на христијанството е настаната православната антрологија како наука за христијанско учење на човекот, неговата личност и природа.

Во христијанската антропологија човечкото достоинство не е сфатено како нешто надворешно, во зависност од состојбата на човечкото здравје или болест, туку е она што е внатрешно, битно неусловено и неотуѓливо на човечкото битие како такво.

Човечкото достоинство потекнува од целокупниот квалитет на човекот како духовно-телесно битие и тоа е над секоја човечка моќ, присутно без разлика на околностите во кои поединецот живее и тој е слика на Божјата одреденост за вечност. (18)

Поимот личност е клучен за решение на сите егзистенцијални прашања, како и поедини аспекти на човечкиот живот, бидејќи секој човек без разлика на својата пречка е единствена и неповторлива личност. Личноста не се сведува на некои аспекти од животот, не може да се употреби за политички, религиски, па ни за хумани цели, бидејќи самата личност е цел, а не додаток на човечката егзистенција.(14)

Една од психолошките научни дисциплини, Христоцентрична психологија, се занимава со посебен облик на сознание, а тоа е сознание на душата. Станува збор за сознание, до кое не се доаѓа со апстракција, емпирија, спекулација или сетилно внимание, туку со лично доживување и искуство. Методата на оваа психологија, е истовремено и откритие и средство за развој на личноста и исцеление на душата, чие што одредување се темели на учењето на Православната црква.(14)

Водејќи се од тоа дека човекот е "божја слика и прилика", православната антропологија го става човекот на прво место онаков каков што стварно е, со сите негови мани и слабости, удолници и болести, изопачености и тагувања, во склад со пораката од Исус, кој ги укажува правилните патишта на покајание, лечење и обновување на божјиот лик, кој што е присутен во секој човек.

Разбирањето на човечкото постоење во традицијата на православното христијанство, се состои во тоа дека човечкиот род е ракотворба на Господ, но и повеќе од тоа, бидејќи човечкиот род е створен по "божја слика и прилика". Причина за постоење на Бог е Отецот. Отецот не може да постои сам, па значи ги има и Светиот син и Светиот дух. Ако е Отецот вечен, тогаш вечни се и Светиот син и Светиот дух, бидејќи под Отецот воедно истовремено ги подразбира и Светиот син и Светиот дух (22).

Доколку човекот ја насочи својата личност кон Господ и верата, тогаш тој е навистина слободен, и тој не ограничен од природата, туку е ослободен од законитостите на природата. На тој начин човекот може да постои како што постои и

Господ. Ваков начин на постоење се однесува на сите луѓе, а секој оној што страда и тагува, е уште поблиску до Господ, особено ако се деца болни, хендикепирани и лица со интелектуална попреченост. Тие лица се чисти во својата душа. Многу болни луѓе кои се врзани за болничка постела, со трпение и постојана молитва стекнувале натприродни дарби, а во оние кои светот ги смета како безумни, се откривало најголема духовна мудрост. Христијанството на земниот живот гледа како на пат кон вечноста, период во кој се формира човечката личност. Затоа болеста и здравјето се состојби во кои човекот се наоѓа, се состојби во кои се изградува неговиот карактер и морал. Духовниот и емотивниот живот кај болното дете може да биде подлабок, отколку кај здраво дете. Често децата со пречки во развој покажуваат поголема осетливост и топлина према својата околина. Ако семејството е морално училиште, тогаш лицата со хендикеп своите најблиски ги учат на милосрдие. Помагањето на овие лица може на здравите да им донесе чувство на духовна радост. Лицата со пречки во развојот се можност за нас здравите да работејќи, живејќи со нив и самите ние да станеме поедноставни, поскромни посрдечни, слични на Исус, кој не повикува сите нас да биднеме како децата, бидејќи тие се со чисто срце и како такви да влеземе во Божјето Царство.(14), (22)

Грижата за човечкото здравје, душевно и телесно, претставува грижа на Црквата. Кога некој бил болен или имал некој недостаток, првите Христијани за таквиот човек имале обичај да кажат дека го посетил Бог.

Православната религија се изедначува со учењето дека секој човек има можност да стане побожен, односно секое човечко битие има право на постоење, внатрешна вредност и значење. Поради тоа мораме да се грижиме како за нас така и за нив. Несебичната грижа кон нашите блиски, особено кога се послаби и понемоќни од нас е суштината на љубовта која ни е дадена од Господ и на тој начин ние се приближуваме до него.

Православната црква го одржува верувањето во своите исцелителни можности, во нејзините духовни напори во исцелувањето, Црквата верува дека Господ делува и дека неговото присуство исцелува.(20)

# 6. Ислам

Исламската религија се темели на верување во еден Бог-Алах. Ислам е голема светска монотеистичка религија. Потеклото е од ист извор како и јудаизам и христијанство. Исламот е настанат во 7 век во полуномадско полиетничко друштво на Арабијски полуостров. Од Евреите и христијаните го има преземено строгиот и радикалан монотеизам и нешто од гностичко учење, а од преисламска арапска религија ги има задржано некои од нивни морално-правни прописи и обичаи. Неговите корени се Арабискиот полуостров.

Исламот како религија може да се спореди со будаизмот и христијанството, кои не се универзални само по своето учење, него и по ширењето кај различни народи и делови на светот, при што голема улога има одиграно мисионерската делатност. Следбениците на Исламот ја почитуваат Светата книга -Куран, која е напишана од страна на пророкот Мухамед. Куранот се состои од 114 сура, кои опфаќаат 6236 ајета. (23)

Исламот како монотеистичка религија, е обид на човекот да се приближи до Бога. Секоја од трите најголеми светски религији (Јудаизам, Христијанство и Ислам), на човекот му нудат приближување кон Бога, меѓутоа суштината на тоа е да се биде добар спрема себе, спрема другите, да се биде добар воопшто. Исламот нуди пат, кој на верникот му го креира секојдневниот живот низ заповести како што се: кланање, намаза и читање (учење) на светата книга Куранот, делење на милостина на сиромашните итн. Со самото извршување на овие должности, човекот станува подобар. Муслиманите ја сочинуваат втора по големина религиозна заедница на светот, веднаш по христијанството.

За да се сфати Исламот во целост потребно е да се гледа низ неговиот развој, од Мухамедовото рецитирање на сура па преку Хадиса и Шериетско право, па се до современиот Ислам кој влијае на сите светски текови, како на религиски така и на научни, општествени, културни и политички сфери од животот.(24)

Еден од столбовите на Исламот, при кој што мора да се придржуваат муслиманите е Зекат (милостина), кој спрема Куранот е пропишано како добро дело во

форма на милостина. Милостината се има развиено низ историјата како должност на милосрден порез, кој е уведен од страна на исламската држава. Тој порез треба да створи еднаквост меѓу богататите и сиромашните, кои на тој начин се помагаат. Милостината спрема Куранот треба да биде намената кон одреден круг на луѓе и тоа: сиромашни, ослободени робови, должници, вдовици, сираци, патници, затвореници, хендикепирани, болни луѓе и на оние на кои треба да им се даде оштета за учество во светата војна.(23)

Исламистите веруваат дека Алах е милостив и праведен кон сите и нема никого без причина да го казни. Божјиот пророк Хадис во еден хадис има кажано дека одговорноста за верата е оттргната на три личности и тоа од оној кој спие додека не се пробуди, од детето додека не стане полнолетно и од луди личности (или лица кои не можат "чисто" да размислуваат и лица со интелектуална попреченост) додека не дојде на паметот. Во исламските верски списи се укажува дека Алах знае што е во човечките срца и ако некој во можност да обавува некои од исламските задолженија а ги занемарува, на него му се пишува грев. Исто така ако некој поради болест не може да се клања на нозе стоечки, тогаш нека се клања седејќи, ако и така неможе тогаш нека се клања лежејќи. Трудот е многу важен во Исламот, колку и што има сторено човекот, тој ќе одговара на Судниот ден.(11)

## 6.1. Исламот и попреченоста

Исламската филозофија има позитивен став кон сиромашните лица и оние кои се во неповолна ситуација. Куранот и Хадисот не семо што го имаат прогласено постоењето на инвалидитетот како природен дел од човековата природа, туку исто така дадоа принципи и практични предлози за грижа за лицата со посебни потреби, како и да разговараат за важноста на таквата грижа.

Базна и Хатаб (2005) спровеле студија со цел да ги испитат куранските текстови со цел да ја разберат инвалидноста во исламски контекст, заснована врз некои примери на физички состојби како слепило, глувост, ментална ретардација и лепра. Пример за ова во Куранот е "На слепите не постои никаква вина или на сакатите никаква вина или на болен никаква вина и кој ќе му се покорува на Алах и на неговиот гласник ќе го

признае во градините под кои течат реки: но кој ќе се сврти настрана ќе го казни со болна казна."

Базна и Хатаб (2005) заклучиле дека терминот инвалидитет не бил спомнат во куранот, туку терминот лица во неповолна положба, кој се однесува на оние со посебни потреби. Граѓанската одговорност на општеството е илустрирана во Куранот, во кој се потенцира дека општеството е одговорно за грижа за таквите лица и е одговорно за подобрување на нивните услови. (42)

## 7. Религијата и лицата со пречки во развојот во Законот за социјална заштита

Во Законот за социјална заштита објавен во Службен весник на Република Македонија, бр.79 од 24 јуни 2009 година има неколку членови кои ги спомнуваат лицата со пречки во развој и религијата и тоа;

Член 19: Верските заедници, религиозните групи и нивните здруженија кои се регистрирани во Република Македонија, можат да им помагаат на лицата кои имаат потреба од одделни видови на социјална заштита во согласност со овој закон.

Член 20: Се забранува директна или индиректна дискриминација по основа на пол, раса, боја на кожа, национална, етничка, социјална, политичка, верска, културна, јазична, имотна и општествена припадност, онеспособеност и потекло во остварување на права од социјална заштита утврдени со овој закон.( 26)

# 8. Став

Денес најпозната е дефиницијата на Алопорт за став кој вели дека ставот е трајна, односна нервна подготвеност стекната врз основа на искуството што извршува директно или динамиско влијание врз реакцијата на поединецот на предметите и ситуациите кои се во контакт со него.(31)

Заради објаснување на поимот став за однесувањето на луѓето и предвидување на нивно однесување, не само што постојат голем број испитувања за ставовите, нивните карактеристики како и факторите кои влијаат на нивното формирање и промена, исто така постојат и голем број на теории за формирање и промена на ставовите. Сепак, не постои општа теорија за да се одговори на прашањето за улогата на ставовите во општествените настани, ниту таква теорија која јасно би укажала на позициите во структурата на целата личност. Сепак секоја од нив потикнува нови истражувања и значително го подобрува нашето знаење за ставовите како важен двигател на социјалното однесување.(32)

Според Креч, Кручфилд и Балахеј ставовите претставуваат траен состав за позитивна или негативна оценка,чувства и тенденција да се преземе акција за или против во однос на различни предмети и ситуации.

Може да се разликуваат неколку основни карактеристики на ставовите:

- ставовите секогаш претставуваат однос помеѓу поединецот и предметот или ситуацијата,

- тие се научени, што значи дека тие не претставуваат вродени карактеристики на личноста,

- ставовите изразуваат вредности кога се насочени кон одреден предмет, идеја или концепт.

- Ставовите се релативно трајни предиспозиции. Ова значи дека процесот на промена се одвива многу бавно. (33)

Еден став може да се гледа како низа компоненти кои една со друга се надградуваат и на крајот резултираат со одредено однесување. Но, не смееме да заборавиме дека ставовите се само дел од однесуваето на човекот и во одредени ситуации кога се донесуваат одлуки може и други фактори да влијаат врз самата одлука отколку веќе формираниот став. Фактори кои влијаат врз формирањето ставови може да се поделат на три групи:

- Општи фактори,
- Социјални фактори и
- Лични фактори (33)

Ставовите кон лицата со пречки во развој не се вродени, туку научени.

## 9. Релевантни истражувања

Современи истражувања кои се занимаваат со проучувањето на религијата и нејзиното влијание врз лицата со пречки во развојот се многу ретки. Затоа што некои луѓе веруваат во Бог, нешто свето, божанство кое управува со начинот на животот на човекот и човештвото, некои немаат никаква вера, а трети покажуваат рамнодушност (признаваат постоење, меѓутоа не веруваат). Кога е во прашање религозниот развој на детето тука игра главна улога родителот. Родителот е пресудна фигура за понатамошната верска определеност на детето, а подоцна и на возрасниот човек, во зависност од верска определбата на родителот и од насочувањето на своето дете кон одредена религија и воспитувањето во неа, зависи дали детето ќе ја прифати истата религија или не.

Некои истражувања кои се занимаваат со овие студии, укажуваат дека лицата со пречки во развојот покажуваат значаен недостиг на религиозност. Некои се "простодушни"за да сфатат што се бара од нив за нивното спасение. Само со тоа што се родени со интелектуална попреченост, ни зборува дека исправното верување во Господ, не е Нешто што Господ смета дека е од суштинско значење за неговото спасение, значи тој такви ги створил и тој е одговорен за нив. Лицата со пречки во развојот се помалку или повеќе ограничени во своите можности и способности и поради тоа што Господ ги створил како такви, не може да се каже дека за него тие се помалку вредни, затоа што Господ ги створил такви какви што се. Поради ваквото верување доста често се јавуваат и Атеисти-луѓе кои не веруваат во Божјето постоение. Атеистите сметаат доколку Господ ги створил овие лица онакви какви што се тогаш тој е неморален, зошто би створил лица кои не би можеле да го разберат неговото постоење. (17)

Во 2002 година Трелоар Линда имаја има објавено студија за Инвалидитет, духовни верувања и црквата: искуства на возрасните со пречки во развој и членовите на семејството. Во оваа квалитативна интерпретативна студија се истражува како лицата со хендикеп и членовите на нивното семејство ги користат своите духовни

верувања, за да го раберат својот инвалидитет и да одговорат на предизвиците на живеење со тој инвалидитет. Студијата е спроведена за потребите на евангелистичка црква, за да може да се сугерираат препораки за подобра интеграција од црквата и за помош на професионалци и верски водачи за да обезбедат холистичка нега. Лицата со хендикеп имаат избрано да живеат со радост и благодарност и покрај тешкотиите и предизвиците, кои се вообичаени за животот со инвалидитет. Духовните верувања ги стабилизираат животите на лицата со инвалидитет и им помагаат при справување со истите. Препораките вклучуваат зголемена помош од црквата за промовирање на теолошко разбирање на инвалидитетот и верска подршка со помош на континуиран модел на грижа. (40)

Во 2006 год. Др. Гери Хендершот ја објави својата студија "Статистичка белешка за религиозноста на лицата со посебни потреби" во која се потврдува наодот дека лицата со посебни потреби помалку присуствуваат на верски служби, во однос на лица без хендикеп. Во оваа студија се тврди дека лицата со посебни потреби се религиозни како и другите лица, но тие се помалку способни да присуствуваат на богослужба заради архитектонски, комуникациски бариери или поради негативните ставови на другите лица.

Според оваа студија религијата е важна во животот на лицата со посебни потреби, како и нивното присуство на верски богослужби, затоа што ако не им се обезбеди присуство на овие лица на верските обреди со отстранување на бариерите, тие би можеле во еден момент да ја изгубат религиозноста.(41)

2018 година Давид Хоџ и Конор Рејнолдс ја имаат објавено својата студија за Разбирање на духовноста и религијата меѓу лицата со хендикеп во САД: Национална репрезентативна студија за духовни/религиозни профили. Оваа студија ја има испитано врската помеѓу осум димензии на духовност и религија и луѓе со четири различни видови на нарушување: вид, слух, телесна инвалидност и емоционална или интелектуална попреченост. Главна цел на студијата била да се идентификуваат специфични духовно-религиозни проблеми во рамките на населението со лица со пречки во развој во однос на општата популација. Резултатите од оваа истражување откриваат уникатни духовни и религиозни проблеми кај испитаните четири групи на

лица со пречки во развојот. Споредено со лицата од општата популација, лицата со различни видови на нарушување: вид, слух, телесна инвалидност и емоционална или интелектуална попреченост имаат поголема потреба од молитви во текот на денот, дури и повеќепати во текот на животот дошле до моментот кога ја и преиспитувале својата религиозност и верба во нешто свето. Кога ќе се разберат кои духовно-религиозни димензии се диспропорционални и кои постојат кај лицата со пречки во развој, тогаш практичарите би можеле тоа да го искористат за да може да пружат поефективна грижа за истите.(39)

# II

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Предмет на истражувањето

Предмет на ова истражување се ставовите на двете најголеми религиозни заедници во Кумановскиот регион кон лицата со пречки во развојот.

## 2. Цел на истражувањето

Основна цел на ова истражување е да се утврди дали има разлика во ставовите кон лицата со пречки во развојот во однос на вероисповедта.

## 3. Задачи на истражувањето

**Задачи на истражувањето се;**

- Да се испитат ставовите на верските лица од православна вероисповед кон лицата со пречки во развојот
- Да се испитат ставовите на родителите на децата со пречки во развојот од православна вероисповед
- Да се испитат ставовите на родителите на децата без пречки во развојот од православна вероисповед
- Да се испитат ставовите на стручните лица кои работат со лицата со пречки во развојот од православна вероисповед кон лицата со пречки во развојот
- Да се испитат ставовите на верски лицата од исламска вероисповед кон лицата со пречки во развојот
- Да се испитат ставовите на родителите на децата со пречки во развојот од исламска вероисповед
- Да се испитат ставовите на родителите на децата без пречки во развојот од исламска вероисповед
- Да се испитат ставовите на стручните лица кои работат со лицата со пречки во развојот од исламска вероисповед кон лицата со пречки во развојот

## 4. Хипотези и варијабли на истражувањето

- Постојат разлики во ставовите кај лицата со различен профил (родители на деца со и без пречки во развојот, стручните соработници и верски лица) во однос на ставовите кон лицата со пречки во развојот
- Постојат разлики во ставовите на лицата од православна вероисповед и ставовите на лицата од исламска вероисповед кон лицата со пречки во развојот
- Постојат разлики во ставовите на лицата од женски пол и ставовите на лицата од машки пол кон лицата со пречки во развојот
- Постојат разлики во ставовите на лицата кои имаат дете со попреченост и ставовите на лицата кои немаат дете со попреченост кон лица со пречки во развојот
- Постојат разлики во ставовите на лицата кои имаат различен степен на образование
- Постојат разлики во ставовите на лицата кои имаат различен работен стаж кон лицата со пречки во развојот
- Не постојат разлики во ставовите на верските лица кон лицата со пречки во развојот без оглед на нивната вероисповед
- Ne postojat razliki vo stavovite na roditelite na licata so popre~enost kon licata so pre~ki vo razvojot bez ogled na nivnata veroispoved
- Ne postojat razliki vo stavovite na stru~nite rabotinici kon licata so pre~ki vo razvojot bez ogled na nivnata veroispoved
- Ne postojat razliki vo stavovite na roditelite na lica bez popre~enost kon licata so pre~ki vo razvojot bez ogled na nivnata veroispoved

**Варијабли во истражувањето се:**

***Зависна варијабла;***

Ставовите на испитаниците кон лицата со пречки во развојот

***Независна варијабла;***

- Пол
- Образование
- Вероисповед
- Профил (родители на деца со и без попреченост, стручни работници и верски лица

## 5. Методи, техники и инструменти

***Методи;***

- Метод на структурална анализа
- Метод на компаративна анализа.

***Техники :***

- Анализа на документација.
- Анкета.

***Инструменти:***

***Анкетен прашалник***

Анкетниот прашалник се состои од 15 тврдења конструирани конструиран за потребите на ова истражување со цел мерење на ставот кон лицата со попреченост а поврзани со религијта.

Пршалникот е од Ликертов тип, каде на секое тврдење се одговора на скала од 1 до 5 каде 1 значи дека најмалку се согласувам со тврдењето, а 5 значи дека најмногу се согласувам со тврдењето.

## 6. Популација и примерок

Примерокот во ова истражување е пригоден примерок, но испитаниците се избрани по пат на "снежна топка", што значи дека испитаниците се избрани затоа што може да дадат информации за проблемот што го истражуваме, а тие понатаму предлагаат други испитаници. Примерокот во оваа истражување е составен од 8 групи на испитаници, и тоа по 15 испитаници во секоја група.

1. Верски лица од православна вероисповед

2. Верски лица од исламска вероисповед

3. Родители на деца со пречки во развојot од православна вероисповест

4. Родители на деца со пречки во развојот од исламска вероисповед

5. Стручни лица кои работат со лица со пречки во развојот од православна вероисповед

6. Стручни лица кои работат со лица со пречки во развојот од исламска вероисповед

7. Родители на деца без пречки во развојот од православна вероисповест

8. Родители на деца без пречки во развојот од исламска вероисповед

## 7. Статистичка обработка

Анализата и интерпретацијата на податоците ќе опфати: групирање на резултатите (сортирање според независните варијабли), табеларно и графичко прикажување на резултатите и методи на статистичка анализа и обработка на податоците. Добиените податоци ќе бидат анализирани и обработени со статистичкиот софтвер SPSS, при што најпрво податоците ќе бидат внесени во компјутерска база на податоци. Резултатите ќе бидат прикажани како апсолутни броеви и проценти и преку дистрибуција на фреквенција.

## 8. Организација и тек на истражувањето

Истражувањето ќе се одвива со посета на домовите на семејствата на лицата со пречки во развојот,  со посета на стручните работници во Центрите за Социјална работа, дневните центри за лица со посебни потреби и со посета на Исламска верска заедница и посета на Православни цркви во Куманово, посета на детска градинка во склоп на Дневен центар од страна на истражувачот при што ке бидат поделени прашалниците.

Паралелно со прибирање на податоците ке се врши и анализа на документацијата, а која се однесува на проблемот на истражувањето (научна домашна и страна литература, интернет ресурси, статии објавени ви различни публикации, што ке се примени во теоретското дефинирање на проблемот).

## 9. Резултати

Дескриптивна статистика

Во делот кој следува ќе бидат прикажани резултатите согласно дескриптивната анализа на податоци.

Табела 1. **Процентуална застапеност на лицата во примерокот според профилот**

| | | f | % |
|---|---|---|---|
| Профил | Стручни лица | 30 | 25.0 |
| | Верски лица | 30 | 25.0 |
| | Родители на лица со попреченост | 30 | 25.0 |
| | Родители на лица без попреченост | 30 | 25.0 |
| | Вкупно | 120 | 100.0 |




Слика 1. **Графички приказ на застапеноста на лицата во примерокот според профилот**

Како што може да се забележи бројот на учесници во **сите 4 групи е идентичен по 30 лица, а во рамки на секој профил поделбата е на 15 лица од православна и 15 лица од муслиманска религија.**

Во однос на степенот на образование, резултатите се прикажани во табела бр. 2

Табела 2. **Процентуална застапеност на лицата во примерокот според степенот на образование**

| | | f | % |
|---|---|---|---|
| Степен на образование | Основно | 4 | 3.3 |
| | Средно | 41 | 34.2 |
| | Високо | 75 | 62.5 |
| | Вкупно | 120 | 100.0 |

**Според податоците добиени од Табела 2, може да се забележи дека најголем процент од примерокот се лица кои имаат завршено високо образование, и тоа 62,5%, а само 3,3% се со основно образование.**




Слика 2. **Графички приказ на застапеноста на лицата во примерокот според степенот на образование**

Според половата припадност, податоците ги образложивме во табела бр.3

Табела 3. **Процентуална застапеност на лицата во примерокот според половата припадност**

| | | f | % |
|---|---|---|---|
| Пол | Жени | 69 | 57.5 |
| | Мажи | 51 | 42.5 |
| | Вкупно | 120 | 100.0 |

**Од табелата бр.3 може да се види иако се водеше сметка процентот да биде идентичен, забележливо е дека жените се поприсутни во малку поголема мера, т.е во 57.5%.**



Слика 3. **Графички приказ на застапеноста на лицата во примерокот според половата припадност**

Во однос на возрасната структура, добиените податоци ги претставивме во табела бр. 4

Табела 4. **Процентуална застапеност на лицата во примерокот според возрасната структура**

| | | f | % |
|---|---|---|---|
| Возраст | До 30 години | 6 | 5.0 |
| | 31-35 | 21 | 17.5 |
| | 36-40 | 28 | 23.3 |
| | 41-45 | 24 | 20.0 |
| | над 46 | 41 | 34.2 |
| | Вкупно | 120 | 100.0 |

**Од табелата бр. 4 се гледа дека најголем процент се лица кои се на возраст над 46 години, и тоа 34,2%. Најмал процент, се оние кои се на возраст до 30 години (5%).**




Слика 4. **Графички приказ на застапеноста на лицата во примерокот според возрасната структура**

Работниот стаж беше испитуван кај половина од примерокот (кај верските лица и стручните работници), а процентуалната застапеност е прикажана во табела бр.5

Табела 5. **Процентуална застапеност на лицата во примерокот според работниот стаж**

| | | f | % |
|---|---|---|---|
| Работен стаж | До 5 години | 9 | 7.5 |
| | 6-10 години | 20 | 16.7 |
| | 11-15 години | 14 | 11.7 |
| | Над 16 години | 17 | 14.2 |
| | Вкупно | 60 | 50.0 |
| | Не дале одговор | 60 | 50.0 |
| Вкупно | | 120 | 100.0 |

**Од табелата бр. 5 се гледа дека најголем процент од верските лица и стручните лица имаат работен стаж од 6 до 10 години, а најмалку до 9 години.**




Слика 5. **Графички приказ на застапеноста на лицата во примерокот според работниот стаж**

Во продолжение ќе бидат презентирани резултатите согласно хипотезите.

**Главната хипотеза** во рамки на ова истражување гласи дека:

- **Постојат разлики во ставовите кај лицата со различен профил (родители на деца со и без попреченост, стручни соработници и верските лица) во однос на ставовите кон лицата со попреченост**

Со цел да се потврди / отфрли истата, пресметана АНОВА за значајност на разлики помеѓу групите, во однос на ставот кон лицата со попреченост.

Табела 6. Значајност за разлики помеѓу групите во однос на ставот кон лицата со попреченост

| | Сума на квадрати | df | Среден квадрат | F | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Помеѓу групите | 4398.758 | 3 | 1466.253 | 11.975 | .000 |
| Во групите | 14203.167 | 116 | 122.441 | | |
| Вкупно | 18601.925 | 119 | | | |

Средниот квадрат 1466,253 за 3 степени на слобода со АНОВА покажува дека постојат разлики меѓу групите (F=11,975, p<0,01) и дека **хипотезата се потврди**, односно дека четирите споредувани групи помеѓу себе **се разликуваат во однос на ставот кон лицата со попреченост.**

Со цел да се утврди помеѓу кои групи постојат разлики, пресметан е пост хок ЛСД тест.

**Од Табела 7** се гледа дека статистички значајни разлики во ставот кон лицата со попреченост има меѓу стручниот персонал и верските лица (во корист на верските лица), меѓу родителите на деца со попреченост и родителите на деца без попреченост (во корист на родителите на деца со попреченост), меѓу родителите на деца со попреченост и верските лица (во корист на верските лица) и родителите на деца без попреченост и верските лица (во корист на верските лица).

Табела 7. Разлики помеѓу групите во однос на ставот кон лицата со попреченост

| (I) Staus | (J) Staus | Mean Difference (I-J) | Std. Error | Sig. |
|---|---|---|---|---|
| стручен персонал | верски лица | -14.00000* | 2.85705 | .000 |
| | родители на деца со попреченост | -5.23333 | 2.85705 | .070 |
| | родители на деца без попреченост | 1.46667 | 2.85705 | .609 |
| верски лица | стручен персонал | 14.00000* | 2.85705 | .000 |
| | родители на деца со попреченост | 8.76667* | 2.85705 | .003 |
| | родители на деца без попреченост | 15.46667* | 2.85705 | .000 |
| родители на деца со попреченост | стручен персонал | 5.23333 | 2.85705 | .070 |
| | верски лица | -8.76667* | 2.85705 | .003 |
| | родители на деца без попреченост | 6.70000* | 2.85705 | .021 |
| родители на деца без попреченост | стручен персонал | -1.46667 | 2.85705 | .609 |
| | верски лица | -15.46667* | 2.85705 | .000 |
